# За македонскиот правопис






- Историски услови

Решението за „заведување на македонскиот јазик како службен во македонската држава“ е една од најсуштествените национални придобивки од Првото заседание на АСНОМ (2 август 1944), со која се отвора патот за усвојување на јазичната норма и за озаконување на македонската азбука, т.е. за стандардизација.

Тоа е основен предуслов за понатамошна кодификација на македонскиот јазик, постигната во многу кус рок, во еден бурен период од светската историја, крајот на Втората светска војна, кога македонскиот народ самостојно ја извојува својата државност и се здобива со право сам да одлучува за својата иднина.

Една од првите заложби е официјалното издигнување на македонскиот народен јазик на рамниште на литературен јазик во македонската држава и неговото заживување во сите сфери на јавната употреба, во институциите на општеството, во просветата и културата и во јавните медиуми.

- На 5 мај 1945 година, со Решение на Народната влада на Федерална Македонија е усвоена азбуката на македонскиот јазик, а по два месеци Министерството за просвета го озакони **првиот Правопис на македонскиот јазик.**

- **Македонската азбука** содржи 31 писмен знак (буква, графема) со кои се бележат македонските гласови (фонеми)






**Правописот** е систем од јазични форми, интерпункциски знации правила и закони кои треба да се почитуваат во писменото изразување. Правописот го следи развојот на јазикот во сите сфери на употреба и како резултат на тоа, доживува измени.

# Изданија на македонскиот правопис

- Првиот **Правопис на македонскиот литературен јазик** е отпечатен на 7 јуни, 1945 година во издание на Државното книгоиздателство на НР Македонија.

- Со неговото издавање започнува унифицирањето на македонскиот стандарден јазик.

- По неколку години е отпечатено ново издание, заради потребата од дополнување, коригирање и усогласување на некои одделни форми (на пр. *кажуе* е заменето со *кажува*),






- Во 1970 година излегува од печат **Правописот на македонскиот јазик со правописен речник.** (Ова издание е дополнето и проширено со три оддела: Транскрипција на туѓите имиња, Скратеници и скратување на зборовите и Правописни знаци.)

Во 1998 година, со изменет и дополнет текст излегува ново издание на **Правописот** од група автори.

1999 година е отпечатен Правописниот речник од Кирил Конески.






Најновото издание на **Правописот** излегува од печат во 2016 година, кое поради малиот тираж не стигна до голем број корисници. Во 2017 година е објавено второ издание, достапно и на интернет на https://pravopis.mk/

## Содржина на правописот

- Пишување на гласовите
- Акцент
- Употреба на голема буква
- Слеано и разделено пишување на зборовите
- Делење на зборовите од крајот на редот
- Скратеници и скратување на зборовите
- Транскрипција на туѓите имиња
- Предавање на македонското писмо со латиница
- Интерпункција
- Правописни знаци
- Географски и други имиња

